ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-196/1
13-01-2026

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/19) член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година донесе

***Одлука***

Постапката по предмет со бр.08-1996/1 од 19.07.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр.08-1996/1 од 19.07.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со бр.08-1996/1 од 19.07.2024 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од увидот во Службен весник на РСМ бр.113/24 година утврди дека лицето ________________ на ден 28.05.2024 година му престанува фукцијата ________________ во Собранието на РСМ.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека именуваниот во законски предвидениот рок по престанокот на функцијата _____________ во Собранието на РСМ не поднел Изјава за имотна состојба и судир на интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок со бр.08-1996/2 од 05.08.2025 година и на _____________ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-1996/3 од

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

05.08.2024 година за сторен прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот Закон.

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барања за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Прекршочната комисија донесе Решение со бр. 14-2293/4 од 06.10.2025 година со кое сторителот _______________ го прогласи за одговорен, ДКСК изврши увид во својата електронска евиденција и констатира дека лицето сеуште нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

**Изготвил:** К.Б, соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:** м-р Ц.Р, член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk